Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2017 година

1.Се објавува: **Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2017 година бр.09-678/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08- 723/1
04.05.2017 г.
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2017 година

Член 1

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2017 година предложен од Градоначалникот на Општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за квартал I од 2017 година. кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-678/1
28.04.2017 г.
Кратово

Претседател
на Советот на општина Кратово
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година

1.Се објавува: **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-679/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08- 724/1
04.05.2017 г.
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), Советот на општина Кратово на 48-та седница одржана на 28.04.2017 година донесе

О Д Л У К А

за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Самофинан.	Дотации	Донации	Кредити
Се зголемуваат приходите на следните потставки:				
К20 Музичка и сценско -уметничка дејност				
723419 Други такси за приеми и членарини	150.000	0	0	0
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	110.524	0	0
К30 Музејска и кинотечна дејност				
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	246.985	0	0
N 10 Основно образование				
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	2.921.355	0	0
N 20 Средно образование				
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	1.648.273	0	0
V 10 Детски градинки				
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	583.932	0	0
и се распоредуваат на следните потставки:				
К 20 Музика и сценско -уметничка дејност				
401130 Основни плати -други вработени	0	57.000	0	0
401310 Персонален доход на доход од плата	0	6.000	0	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	16.500	0	0
402190 Други придонеси за ПИО	0	2.300	0	0
402210 Основни придонеси за здравство	0	7.000	0	0
402220 Основен придонес за професионално заболување	0	500	0	0
402290 Други придонеси за Фондот за здравство	0	1.300	0	0

402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување	0	1.100	0	0
402390 Други придонеси до Агенцијата за вработување	0	200	0	0
421110 Електрична енергија	150.000	0	0	0
К30 Музејска и кинотечна дејност				
421110 Електрична енергија	0	12.000	0	0
421240 Течни горива	0	100.000	0	0
423110 Канцелариски материјали	0	15.000	0	0
423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените	0	4.000	0	0
423990 Други материјали	0	20.000	0	0
425990 Други договорни услуги	0	15.000	0	0
426990 Други оперативни расходи	0	80.985	0	0
N 10 Основно образование				
401130 Основни плати -други вработени	0	150.000	0	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	100.000	0	0
421110 Електрична енергија	0	200.000	0	0
421120 Водовод и канализација	0	170.000	0	0
423310 Униформи	0	220.000	0	0
423720 Материјали за разни поправки	0	145.000	0	0
423810 Ситен инвентар	0	80.000	0	0
424210 Одржување на згради	0	160.000	0	0
425250 Осигурување на недвижности и права	0	40.000	0	0
425420 Примарна здравствена заштита	0	180.000	0	0
425760 Превозни услуги во образованието	0	200.000	0	0
425970 Консуктантски услуги	0	70.000	0	0
426990 Други оперативни расходи	0	156.000	0	0
464940 Трансфери при пензионирање	0	100.000	0	0
480140 Купување на информатичка и видео опрема	0	400.000	0	0
480190 Купување на друга опрема	0	100.000	0	0
482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти	0	150.000	0	0
483110 Купување на канцелариски мебел	0	300.000	0	0
N 20 Средно образование				
401130 Основни плати -други вработени	0	250.000	0	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	110.000	0	0
420110 Патување во земјата -хранарина (дневница)	0	20.000	0	0
421110 Електрична енергија	0	70.000	0	0
421120 Водовод и канализација	0	70.000	0	0
423110 Канцелариски материјали	0	20.000	0	0
423720 Материјали за разни поправки	0	200.000	0	0
423810 Ситен инвентар	0	100.000	0	0
424210 Одржување на згради	0	318.000	0	0
425420 Примарна здравствена заштита	0	80.000	0	0
425760 Превозни услуги во образованието	0	200.000	0	0
425970 Консултантски услуги	0	60.000	0	0
426410 Објавување на огласи	0	30.000	0	0
426990 Други оперативни расходи	0	50.273	0	0
480140 Купување на информатичка и видео опрема	0	70.000	0	0
V 10 Детски градинки				
401130 Основни плати - - други вработени	0	258.500	0	0
401310 Персонален доход на доход од плата	0	16.500	0	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	75.900	0	0
402210 Основни придонеси за здравство	0	27.500	0	0
402220 Основен придонес за професионално заболување	0	1.650	0	0
402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување	0	4.950	0	0
421110 Електрична енергија	0	50.000	0	0
421130 Ѓубретарина	0	18.932	0	0
423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените	0	5.000	0	0
423310 Униформи	0	10.000	0	0
425990 Други договорни услуги	0	80.000	0	0
426210 Расходи за репрезентација	0	20.000	0	0
426410 Објавување на огласи	0	5.000	0	0
426990 Други оперативни расходи	0	10.000	0	0
	150.000	**5.511.069**	**0**	**0**

09 - 679/1
28.04.2017 г.
Кратово

Претседател
на Советот на општина Кратово
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година

1.Се објавува: Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-680/1, донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08- 725/1
04.05.2017 г.
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), Советот на општина Кратово на 48-та седница одржана на 28.04.2017 година донесе

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Буџет	Самофин.	Дотации	Донации	Кредити
E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА					
427110 Привремени вработувања	425.000	0	0	0	0
486110 Купување на моторни возила	300.000	0	0	0	0
JDO ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ					
482120 Изградба на улици, патишта и автопати	-814.000	0	0	0	0
L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА					
482920 Изградба на други објекти	89..000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**

09 - 680/1
28.04.2017 г.
Кратово

Претседател
на Советот на општина Кратово
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во Општина Кратово

1.Се објавува: **Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во Општина Кратово бр.09-681/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08- 726/1
04.05.2017 г.
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл. Весник на РМ" бр.27/2014), член 57 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 28.04.2017 година, донесе

О Д Л У К А

за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во Општина Кратово

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредува внатрешната организација според видот и бројот на организациски единици, делокругот на нивната работа, одговорности и меѓусебни односи, условите и нивното образување, начините и формите на раководење со општинската администрација, нивните надлежности и одговорности за вршење на работите од јавен интерес од локално значење за Општина Кратово.

Член 2

Општинската администрација на општина Кратово ги извршува работите од надлежност на општината, односно Градоначалникот и Советот на општината, во согласност со Уставот и Законите, Статутот на општината и другите прописи и општи акти донесени врз основа на Закон.

Општинската администрација врши :

1. Стручни и административни работи за Градоначалникот и Советот.
2. Ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот.
3. Ги подготвува седниците на Советот и неговите постојани и повремени комисии.
4. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

5. Доставува податоци и информации во врска со активностите на општината на барање на надлежни органи врз основа на закон.

6. Ги води финансиско сметководствените работи во општината.

7.Ракува со документите на општината, ги чува се до нивно уништување и предавање на Државниот архив на Република Македонија.

8.Врши работи од урбанистичко и комунално значење, заштита на животната средина.

9.Врши инспекциски надзор над работите од надлежност согласно со закон,внатрешна ревизија над финансиското работење на одделението за финансии и сметководство.

10.Врши работи од економски интерес за општината и ги следи меѓународните проекти.

11.Врши работи од безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животната средина, во чии рамки е територијалната противпожарна заштита.

12.Врши и други работи кои ке ги определи Градоначалникот и Советот на општината во согласност со Статутот.

II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 3

Видот и бројот на организациските единици е одреден според надлежностите на општина Кратово определени со закон, во зависност од обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и другите услови потребни за утврдување на внатрешната организација, организирани во 8 (осум) организациски единици (одделенија) :

1. Одделение за внатрешна ревизија.
2. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности.
3. Одделение за финансиски прашања.
4. Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој (ЛЕР).
5. Одделение за инспекциски надзор.
6. Одделение за управување со човечки ресурси.
7. Одделение за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животната средина.
8. Територијална Противпожарна Единица.

Член 4

Делокруг на работа на организациските единици е извршување на надлежностите на општината организирани во одделенија.

Член 5

Одделенијата се образуваат заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината и заради извршување на следните работи:

- студиско-аналитички, управно-надзорни, нормативно-правни, управни, управно-надзорни, инвестиционо-тековни, материјално-финансиски, стручно-оперативни работи, управување со човечки ресурси, информативно - комуникациски, стручно-административни, помошно-технички, безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи, противпожарна заштита и други работи за кои е надлежна општината.

Член 6

Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ - органограм за организациската структура по организациски единици - одделенија, во администрацијата на општина Кратово.

III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 7

1. Одделение за внатрешна ревизија

Одделението за внатрешна ревизија има надлежност:

-да го следи, проучува и применува законот за внатрешна финансиска контрола,

-ги применува подзаконските акти донесени врз основа на овој закон и други закони од оваа област,повелбата за внатрешна ревизија и интерните акти на субјектот усогласени со овој закон,

-обезбедува независно, разумно и објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на општината и зголемување на ефикасноста на системите за внатрешна контрола,

-изработува стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна процена за ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови,

-врши процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за уредување,

-процена и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на усогласеност на законите, подзаконските и интерни акти и договори, веродостојност и сеопфатност на финансиските и оперативните информации,

-безбедност на имотот и информациите за извршување на задачите и остварување на целите,

-дава препораки за подобрување на работењето и работните процедури,

-врши мониторинг на спроведувањето на мерките превземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршени ревизии.

2. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности

Одделението за правни, општи работи и јавни дејности ги извршува работите кои се однесуваат на изготвување на одлуки и други општи или поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот на општината, врши стручни анализи и дава мислење на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала:

- врши стручни и организациски работи за потребите на Советот и Градоначалникот на општината,
- информативно-техничка подршка,
- посредување со јавноста, упатување на граѓаните-странки во вршење на нивните обрски во општинската администрација,
- работи од областа на јавни дејности – образование, здравствена и социјална заштита и заштита на децата, култура и спорт, музејска дејност, заштита на спомениците и споменобележјата, и комуникација со градоначалникот на општината,
- се грижи за правилна примена на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси,
- ја организира и насочува работата при изработката за внатрешната организација и систематизација на работните места,
- учествува во спроведувањето на организацискиот развој на општината, остварува комуникација со административните службеници во локалната самоуправа со цел за нивно унапредување, организирање обуки и менторства, учествува во спроведувањето на програмата за развој и управувањето со ефектот на вработените,
- предлага мерки и политики за управување со човечките ресурси во општината, јавните претпријатија и установи во надлежност на општината,
- врши архивирање и чување на целокупната документација во општината,
- административно технички работи за потребите на општината и вработените,
- одржување на возниот парк во општината,

- одржувањето на хигиената во просториите во општината,
- врши и други работи согласно со закон од негова надлежност доверени од Градоначалникот и Советот на општината.

3.Одделение за Финансиски прашања

Одделението за финансиски прашања е надлежно за финансиско управување и контрола:

-го подготвува годишниот буџет на општината,

-изготвува периодични пресметки и извештаи за завршната сметка на буџетот на локалната самоуправа,

-врши сметководствено евидентирање на достасаните обврски и основните средства на општината, месечни прегледи за остварувањето на приходите и расходите на буџетот,

-изготвува одлуки и води постапка за јавни набавки, ја насочува и програмира работата на комисијата за јавни набавки, учествува во финализирањето на постапките за јавни набавки,

-води регистар на обврзниците за такси и надоместоци, врши ажурирање на пријавите,

-донесува решенија за обврзниците и поднесува извештај за наплатените такси и надоместоци, изготвува и врши достава на решенија за данок на имот, данок на промет и приходи од концесии, поднесува извештаи за материјално-финансиската состојба на општината и јавните претпријатија кои ги основала и води буџетско и даночно книговодство, благајничко работење и пресметување и исплата на плати на вработените, примена на законите и подзаконските акти од областа на јавните набавки,

-изготвува годишен план за јавни набавки,

-врши и други работи согласно со закон од негова надлежност доверени од Градоначалникот и Советот на општината.

4.Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој

Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој ги следи потребите од економски развој во општината и развојот на бизнис заедницата, ги следи проектите за развој, тендерите, подготвува документи за апликација и се грижи за нивна реализација, има надлежност за извршување на работите од урбанистичкото (урбано и рурално) планирање:

- издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон,
- уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште,
- заштитата на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење,
- врши снабдување со вода за пиење во општината, испорака на технолошка вода, одведувањето и пречистувањето на отпадните води,
- јавното осветлување, одведувањето и третманот на атмосферските води,
- одржувањето на јавна чистота, собирање,
- транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад,
- уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници,
- снабдувањето со природен гас и топлинска енергија,
- одржувањето на гробовите, гробиштата и давањето погребални услуги,
- изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- регулирање на режимот на сообраќајот, изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација,
- изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, отстранувањето на непрописно паркираните возила, отстранување на хаварисаните возила од јавните површини,

- изградбата и одржувањето на пазарите, чистењето на оџаците,
- одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк- шумите и рекреативните површини,
- регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови,
- определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

5.Одделение за инспекциски надзор

Одделението за инспекциски работи врши надзор и контрола над спроведувањето на законите од областа на :

- урбанизам,
- градежништво,
- општинските даноци и такси,
- комунални дејности и заштита на животната средина,
- домување,
- локалниот сообраќај и локалната патна мрежа,
- донесува решенија за забрани и ги извршува решенијата со цел ефикасно спроведување на законските прописи од соодветните области определени со закон,
- врши и друг надзор од надлежност на општината,
- врши и други работи во негова надлежност доверени од Градоначалникот и Советот на општината.

6.Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси изготвува програма за работа и ја доставува до Градоначалникот на општината,

- се грижи за правилна примена на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси,
- ја организира и насочува работата при изработката за внатрешната организација и систематизација на работните места,
-учествува во спроведувањето на организацискиот развој на општината, остварува комуникација со административните службеници во локалната самоуправа со цел за нивно унапредување,
- организирање обуки и менторства, учествува во спроведувањето на програмата за развој и управувањето со ефектот на вработените, предлага мерки и политики за управување со човечките ресурси во општината, јавните претпријатија и установи во надлежност на општината, учествува во изготвување на годишните планови за обука на ДС, дава предлози за оценување и наградување на ДС, учествува во работата на Комисијата за водење на дисциплинска постапка и Комисијата за материјална одговорност на државните службеници кога е констатирана повреда на службената должност,
- води персонално досие на вработените во општинската администрација, податоците за статусот и стажот, видот и степенот на образование, стручното усовршување и правата од работен однос, ги пополнува и доставува обрасците за АДС до АА во определен рок,
- врши пријава и одјава на административните службеници во здравствено и пензиско осигурување заради остварување на правата од оваа област.

7.Одделение за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животната средина

Одделението за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животната средина, превзема мерки за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба во Република Македонија, и претставува:

- поврзан процес за планирање, програмирање, организирање,
- раководење, командување, координирање, спроведување,
-финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција,
-подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Работни задачи на Одделението за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животната средина се:

- ги следи и учествува во спроведувањето на Законските и подзаконски прописи за Превенција и справување со кризна состојба во општината, заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба,
- учествува во подготовката на Општите акти на општината поврзани со превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување, безбедност и здравје при работа, заштита на животната средина,
-ги следи состојбите, дејствијата и појавите кои можат да доведат до кризна состојба во општината,
- се грижи за заштита и спасување на вработените, лицата кои се затекнале кај нив и материјалните добра, како и отстранување на последиците од кризна состојба, заштита и спасување,
- изготвува анализи, информации и други материјали и ги доставува до повисоките надлежни органи и учествува во спроведувањето на одлуките на Владата во врска со управувањето со кризи и кризни состојби, заштита и спасување,
- учествува во организирање на обуки, вежби и други активности за силите за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување, безбедност и здравје при работа, заштита на животната средина,
- за извршување на своите работни задачи, се координира со учесниците во системот за управување со кризи , заштита и спасување,
- изготвува стручни-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на општината,
- извршува и други обврски кои произлегуваат од областа на превенцијата и справувањето со кризи, заштита и спасување.

8.Територијална Противпожарна Единица

Во состав на одделението за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животната средина функционира Територијалната противпожарна единица на општина Кратово која врши работи во спроведувањето на мерките и надлежностите пропишани со Законот за противпожарна заштита во кои спаѓаат :

-гаснење на пожари на подрачјето на општината,
-превземање мерки за заштита од пожари и експлозии на имотите, куќите, шумите и објектите од елементарни и други видови штети, предизвикани од разни причинители,
-спасување на материјалните добра загрозени од пожари,
-спроведување на законот за заштита и спасување заедно и во координација со соодветните служби во општината и државата,
-спроведува мерки за превентивна заштита на луѓето, материјалните добра и имотите од поголеми природни катастрофи предизвикани од пожари, поплави, земјотреси, војни и слично,
-укажува техничка помош при незгоди и опасни ситуации,
-водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на дирекцијата за заштита и спасување и општина Кратово,
-задолжително периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага територијалната противпожарна единица,
-тековна поправка и одржување во механичка исправност на специјалните и теренски возила,

- учество во противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации во координација со Министерството за внатрешни работи,
- врши едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности,
- врши и други работи од своја надлежност кои ке му бидат доверени од Градоначалникот и Советот на општината.

Професионалните пожарникари во територијалните единици се овластени за:
- собирање на информации и податоци за настанатиот пожар,
- пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор на кој се случил пожарот, експлозијата или природната несреќа, до пристигнување на припадниците на полицијата, и
- предупредување на граѓаните за опасноста од пожар, експлозија и друга опасност, како и потребата од евакуирање.

Член 8

Општинската администрација може да извршува и делигирани работи од страна на органите на државна управа согласно со закон.

IV. НАЧИНИ И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 9

Начинот и формата на раководење со делокруг на работа е организирана преку обединување на работата на администрацијата и раководење со сите административни службеници, организирање, координирање, обединување и насочување во извршувањето на работите и задачите во општината и грижа за нивното законско, ефикасно, навремено и кавалитетно извршување.

Член 10

Со Општина Кратово и администрацијата раководи Градоначалникот на општината.

Член 11

Раководењето со одделенијата во општината го врши секретарот на општината.

Член 12

Раководењето со одделенијата во општинската администрација го врши раководителот на одделение.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделение, раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој ке го определи раководителот на одделението.

Член 13

Раководењето со администрацијата се остварува преку колегиуми, состаноци и постојани консултации на раководителите на одделенија со секретарот или Градоначалникот, и преку постојаната достапност на раководителите на одделенија за вработените поради консултации, известувања, постапувања, донесување решенија и непречено функционирање на одделенијата во законските рамки и воспоставени рокови.

Член 14

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на општината со правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација.

Член 15

Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ – органограм на организациската структура по организациски единици на администрацијата на општина Кратово.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 09-1415/1 од 31.10.2016 година за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Кратово.

Член 17

Оваа Одлука може да се измени и дополни на начин и постапка како и при нејзиното донесување.

Член 18

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесување од Советот на општина Кратово и ќе биде објавена во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе се применува по добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

09-681/1 **Претседател**
28.04.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општина Кратово за 2018 година

1.Се објавува: **Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општина Кратово за 2018 година бр.09-682/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 727/1 **Градоначалник**
04.05.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 48/2015) член 36 став (1) Точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општина Кратово за 2018 година

Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општина Кратово за 2018 година изготвен/донесен од Градоначалникот на Општина Кратово.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-682/1 **Претседател**
28.04.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година

1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година бр.09-683/2, донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 728/1 **Градоначалник**
04.05.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014 и 150/2015), член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.04.2017 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година

Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-683/2 **Претседател**
28.04.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија„ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14 и 150/15), а во согласност со стручното мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово и решение бр: 08-471/3 од 30.03.2017 година, Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 28.04. 2017 година, донесе

П Р О Г Р А М А

за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година

I.

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија„ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14 и 150/15) и член 22, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002).

Според Законот, заштита на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести, кои се од посебно значење за Р. Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. По потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Овие мерки вклучуваат:

1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна и водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, спортско-рекреативни и други јавни места);
4. Вршење превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
5. Обезбедување хигиенски исправна вода во бањите, езерата и рекреативните базени;
6. Промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира и спроведува единицата на локалната самоуправа и одредени правни лица, во соработка и под надзор на центрите за јавно здравје.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести - поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување;
4. Епидемиолошки испитувања;
5. Здравствено воспитување;
6. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
7. Карантин и здравствен надзор;
8. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
9. Имунизација и хемиопрофилакса;
10. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести при Владата на Република Македонија.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

Со програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на Општина Кратово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Кратово, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Куманово – Хигиено епидемолошка служба Кратово (Хес Кратово).

За заштита на населението од заразни болести во Општина Кратово, во 2017 година ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од регионалниот водовод и другите објекти за јавно водоснабдување;
2. Обезбедување хигиенски исправна вода и контрола на исправноста на водата во рекреативниот базен;
3. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите во општина Кратово за производство и промет на безбедна храна;
4. Обезбедување на хигиенско-технички услови во училишните и предучилишните установи;
5. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;

6. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки во населените места и други јавни површини;
7. Авионско третирање на комарци,
8. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

I. Обезбедување на населнието со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата

Општина Кратово и во 2017 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

1.1. Водоснабдување од градскиот водовод - Кратово

Согласно Одлуката на Советот на општина Кратово за избор на најповолна понуда за концесија со водоводната и канализациона мрежа во Кратово бр: 07-1769 од 29.09.2008, и договорот за Концесија за стопанисување со водоводната и канализациона мрежа во град Кратово бр:08-1287/1 од 29.06.2009 година, организираното водоснабдување на населението во општина Кратово го врши Друштвото за комунални услуги Силком ДООЕЛ експорт-импорт Кратово.

Застарената мрежа носи огромни загуби на вода за пиење и го нарушува квалитетот на водата. Согласно Програма, во _____ година започна реализацијата на значајниот проект за промена на азбестно-бетонските и другите застарени цевки од водоводната мрежа во ниската зона.

Во 2016 година со средства од Министерство за транспорт и врски, завршена е првата фаза од проектот за секундарно поврзување во градот, односно поставени се 73 шахти, а понатаму ќе се работи и на целосно завршување на проектот.

Во 2017 година ќе продолжи решавањето на овие проблеми. За таа цел ќе се спроведат следните активности:

- Подобрување на мрежната инфраструктура и целосно завршување на секундарното поврзување на водоводната мрежа во град Кратово;
- Промотивни и други активности за перспективно користење на водата од Градскиот водовод .

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од градскиот водовод и информирање на корисниците за квалитетот на водата ќе врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Ђ Куманово ХЕС Кратово. Редовниот мониторинг ќе се спроведува два пати месечно на 3 примероци на вода, и тоа:

еден примерок од крак на градски водовод во с.Приковци кој служи за восдоснабдување на селските населби,

и два примерока од градскиот водовод во Кратово и тоа од Висока зона (по избор од Филтер станица, Осмолетка, Гиманазија или др), и ниска зона (по избор од чешма пред Црква , чешма пред Општина итн) на едната од нив ке се зема посебен примерок за испитување и присусттво на алуминиум.

Периодичните анализи ќе се вршат четири пати годишно, во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

- Редовната контрола на квалитетот на водата во селските населби упатуваат дека не секогаш е осигурана безбедна и достапна вода за пиење на жителите во селата каде има посебни водоводи.

- Досегашните хемиско бактериолошки анализи на примероци на вода од водоводот во с.Мушково укажуваат на тоа дека таму секогаш има добри резултати па поради тоа ке се продолжи со редовните увиди и испитувања на примероци од истиот.
- ЈЗУ ЦЈЗ Куманово - ХЕС Кратово, во 2017 година ќе продолжи со спроведување на редовни увиди на извориштата и градежните елементи на јавните водоснабдителни објекти. Ќе се испитаат околу 100 примероци на вода за пиење од јавни извориште (Согласно програмата за првентива од владата на РМ за општина Кратово и план за работа на ХЕС Кратово) и тоа:
- 10 пати годишно ќе го следи квалитетот на водата од повеќе јавни извориште меѓу кои: Буковачки водовод нова чешма; Чешма кај мост во Табачка маала; Табачка маала пат; Царина маала – штона; Цигански лојза-кладенец, Јавна чешма кај згради во пекара.

- 2 пати годишно ќе го следи квалитетот на водата од природни чешми во селата: Железница, Шлегово, Приковци, Живалево, Мушково,Каврак, Татомир,Сакулица, Коњух, Шопско Рударе, Вакав, Туралево, Куклица, Димонце, Страцин и Крилатица.
- 2 пати годишно ќе го следи квалитетот на водата од селски водоводи во села: Страцин и Мушково.

Во секој резултат ќе стои и мислење за безбедноста на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање и хлорирање и други контролни мерки, вклучувајќи го и информирањето на населението со поставување натписи на небезбедните извори за водоснабдување.

На крајот од годината ќе се изготви годишна информација за состојбата на водоснабдувањето со процена на ризик.

Давањето услуги на Општина Кратово на релација - оценка на квалитетот и здравствената исправност на водата од водоводи и други јавни извори во населени и надвор од населени места ќе се финансира со средства од концесионерот на градската водоводна мрежа Кратово и средства од буџет на РМ предвидени за таа намена.

II. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби

За оценка на исправноста на водата од градскиот базен, ке се зема примерок пред пуштање во употреба а потоа во сезоната на користење на истиот еднаш месечно ќе се испитува по еден примерок вода од големиот и малиот базен. Со резултатите ќе се доставува мислење за исправноста и за евентуалните мерки за подобрување. Спроведувањето на ова контрола ќе се заснова на договор помеѓу сопственикот или концесионерот на базенот и ЈЗУ ЦЈЗ Куманово ХЕС Кратово.

III. Обезбедување хигиенски услови во производство, подготвувањето, чувањето и промет на храна

Во согласност со Законот за безбедност на храната освен мерките на надлежните институции (Агенцијата за храна) ЈЗУ ЦЈЗ Куманово Ѣ ХЕС Кратово ќе спроведува:

- Здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- Едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- Консултантски услуги за воспоставување и примена на НАССР систем за контрола на безбедноста на храната во производството и прометот;
- Лабараториски испитувања на суровини и готова храна.

Од активностите на ЈЗУ ЦЈЗ Кратово, поврзани со безбедноста на храната, ќе биде изготвена информација за безбедноста на храната во Општина Кратово.

IV. Обезбедување на хигиенско - технички услови во училишните и предучилишните установи

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интигритет, а особено од заразни заболувања, во 2017 година ќе продолжат редовните контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствениот инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди сите училишта и градинки ќе добијат извештај за најдената состојба, со предлог мерки за подобрување.

V. Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води

Врз основа на јавниот оглас и постапката за јавна чистота во Општина Кратово, организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши Силком ДООЕЛ експорт Ѣ импорт Кратово, како концесионер за стопанисување со јавната чистота со кој е потпишан Договор за период од 4 години.

- Со воведувањето на дежурен телефон за известување при наполнетост на контејнерите ке се намали опасноста од растурениот комунален отпад покрај преполнетите контејнери. Сепак, поради ниската свест на одредени граѓани се случува контејнерот да биде празен, а околу него да има купишта од смет;

- Селектирањето на пет - амбалажата во одредени делови од градот е чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

Комбинираната канализациска мрежа (фекална и атмосферска) и несовесното користење на канализацијата од граѓаните овозможува често затнување на одводните цевки и излевање на фекалии по одредени улици или прелив на отпадната вода директно во реката.

Контролни мерки:

- Изготвување на флаери и плакати за правилна дистрибуција на цврстиот отпад. Флаерите да се дистрибуираат со сметките за вода и отстранување на отпадот, а плакатите да се постават на регуларни места и на контејнерите за отпад;

VI. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населените места и други јавни површини

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; угостителски и јавни објекти (аеродроми, станици, пазари), како и објекти за производство, промет и складирање на храна.

6.1. Спроведување на ДДД во установите и јавните објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈЗО ЦЈЗ Куманово - ХЕС Кратово и корисниците на овие услуги.

За дезинфекција на просечно голем училишен објект или предучилишна установа ќе се употребат по 10 литри растворено дезинфекциско средство (дизентал).

Превентивната дезинфекција ќе се врши пред почетокот на школската година и пред почетокот на второто полугодие.

Дезинсекција ќе се врши и по барање на установата.

Дератизацијата ќе се врши со кумарински мамци во различни облици (маслен фацирон мешан со цврста храна). За дератизација на основните училишта и градинките ќе се употреби по 1-2 кг кумарински препарат. За дератизација на подрачните училишта ќе се употреби по 1/2 кг кумарински препарат.

6.2. На територијата на општина Кратово има диви депонии кои претставуваат идеални места за размножување и опстанок на инсекти и глодари.

- Поради конфигурацијата на теренот во Кратово нема површини со стоечка вода, меѓутоа трите мали реки кои поминуваат низ градот можат да бидат места за размножување на инсекти па поради тоа ке се превземаат мерки за спречување на ширењето и сузбивање на заразните болести меѓу кои и дезинсекција.

- Штетните глодари се извори и преносители на многу заразни болести на човекот и домашните животни, меѓу кои има и такви кои можат да се јават во епидемиска форма како (Туларемија, Бруцелоза, Лептоспироза,Чума, Салмонелоза, Беснило,Трихинелоза итн)

Наездата на глодари прави многу штети на населението и крие опасност од ширање на погоренаведените болести и други зоонози. За нивно попречување, во текот на 2016 година, ЈЗУ ЦЈЗ ќе спроведе дератизација на градската канализација со кумарински препарати .

Средствата за превентивните дезинфекција и дератизација ќе ги обезбеди Општина Кратово.

VII. Превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

